ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 24 ДАТА 10.08.2021 ГОДИНА 39

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 24 ДАТА 10.08.2021 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 10.08.2021 година**

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се обајавува регистрицијата на фудблеррот Лемос Да Силва Матхеус од ФК „Комерцијал„ од Бразил за Фудбалскиот клуб „МакедонијаЃП 1932 АД„ од Скпје, по член 35/11 поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2022 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈЗ ГОСТИВАР

**Дополнвауваље на седница од**

**16.06.2021 година**

**за ОФС Тетово**

- **Склучување на професионален договор:**

Женскиот фудбалски клуб „Лparticularly„ од Тетово и фудбалерката Миловановиќ Анѓела склучија догвоор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2022 година.

0202-1702/18
23.07.21

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 23.07.2021 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се одложува за една натпреварувачка година примената на одредбата од член 52а став 1 алинеа 3 од Пропозициите за натпреварување во млади категории сезона 2020/21, во делот на условот кој е потребен за да може клубот да се натпреварува во Прва Супер лига во млади категории а се однесува на рангот на натпреварување на сениорската екипа.
Одредбата која што се одложува гласи:
Член 52а, став 1 „Со право за учество во натпреварувачката 2021/22 година се стекнува фудбалски клуб кој по завршување на натпреварувачката 2020/21 ги исполнил: алинеа 3 - спортските критериуми......
- за учество во Прва супер лига да има сениорска екипа најмалку воТрета лига"

2. Клуб кој се натпреварува во Прва супер лига во сезона 21/22 треба да има сениорска екипа која активно се натпреварува.

3. Одлуката да се имплементира во Пропозициите за натпреварување во млади категории , сезона 2021/22.

4. Одлуката стапува на сила веднаш.

5. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 23.07.2021 година, го разгледа предлогот за одложување на примената на одредбата од член 52а став 1 алинеа 3 од Пропозициите за натпреварување во млади категории сезона 2020/21, во делот на условот кој е потребен за да може клубот да се натпреварува во Прва Супер лига во млади категории а се однесува на рангот на натпреварување на сениорската екипа .

Управниот одбор утврди дека предлогот е поднесен заради прекинот во натпреварувањето во општинските лиги и замрзнување на табелите поради што сите клубови немале услови за исполнување на зададениот услов, поради што донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1702/18

Управен одбор

Бр. 0202-1702/19
23.07.2021 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ а во врска со спроведување на Пропозициите за натпреварување во млади категории за сезоната 2021/22, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 23.07.2021 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува предлогот на Младинската комисија на ФФМ за усвојување на барањата за учество во натпреварувањето во млади категории со категориите пионери и помлади пионери на фудбалските клубови со сениорски екипи во Втора МФЛ Исток: ФК Тим Локомотива 2018 од Градско, ФК Детонит Јуниор од Радовиш и ФК Братство 07 од Житоше.

2. Одлуката стапува на сила веднаш .

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Фудбалските клубови со сениорски екипи во Втора МФЛ Исток согласно Правилникот за натпреварување и Правилникот за лиценцирање на клубови доставија пријави за учество на екипи во млади категории. Дел од клубовите доставија пријави за учество во категоријата пионери и помлади пионери.

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 23.07.2021 година, го разгледа предлогот на Младинската комисија на ФФМ по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202- 1702/19

0202-1702/20
23.07.21

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ а во врска со спроведување на Пропозициите за натпреварување во млади категории за сезоната 2021/22, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 23.07.2021 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се зголемува бројот на клубови кои можат да се натпреваруваат во Втората лига во млади категории и истиот може да изнесува од 6-12 клуба.
2. Се усвојуваат барањата и предлогот на Младинската комисија на ФФМ за влез на ФК Каменица Саса и ГФК Охрид Лихнидос, во повисок ранг во натпреварувањето во млади категории .
3. ФК Каменица Саса и ГФК Охрид Лихнидос, во сезоната 2021/22 ќе се натпреваруваат во Втора лига во млади категории со категориите: младинци, кадети, пионери и помлади пионери.
4. Одлуката стапува на сила веднаш .
5. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 23.07.2021 година ги разгледа предлозите доставени од Младинската комисија и предлогот на претседавачот на Младинската комисија за зголемување на бројот на клубови во Втората лига во млади категории. Предлогот да се зголеми бројот на клубови во Втората лига во млади категории до 12 клуба е даден поради зголемениот број на клубови кои ќе се натпреваруваат оваа сезона во Првата супер лига (14) заради замрзнување на табелите. Во предвид е земен и бројот на клубови кои треба да испаднат (4) од Прва Супер лига во сезона 21/22 што неминовно би водело кон зголемување на бројот на клубови во Втората лига.

Управниот одбор го разгледа и предлогот за вклучување на ФК Каменица Саса во повисок ранг во натпреварувањето во млади категории како и Барањето и документацијата доставена од Комисијата од ГФК Охрид Лихнидос, член на Третата лига во млади категории кој се натпреварувал во категориите младинци и кадети.

Управниот одбор констатира дека Младинската комисија утврдила дека покрај ФК Куманова-Милано 2010 кој пројавил интерес во зададениот рок и ги има исполнето спортските услови за пласман во повисок ранг( прворангиран на замрзнатата табела и во пионери и во конкуренција на пом.пионери), интерес има пројавено и ФК Каменица

Саса. ФК Каменица Саса се натпреварувала во категориите пионери и пом.пионери и е второрангирана екипа на замрзнатата табела во категоријата помлади пионери.

Од приложената документација на ГФК Охрид Лихнидос Управниот одбор утврди дека клубот истотака освоил едно второ место во повозрасните категории - категоријата кадети.

Управниот одбор на ФФМ по разгледување на предлогот на Младинската комисија на ФФМ и документацијата и барањето од ГФК Охрид Лихнидос утврди дека ФК Каменица Саса навремено пројавила интерес но како и ГФК Охрид Лихнидос нецелосно ги исполниле условите за влез во Втора лига во млади категории.

Имајќи ги во предвид одредбите на Пропозициите за млади категории сезона 2020/21 кои се однесуваат на пополнување на слободни места при нецелосно исполнување на условите за влез, фактот дека бројот на клубови кои можат да се натпреваруваат во Втората лига во млади категории е зголемен и истиот може да изнесува од 6-12, како и интересот на клубовите да формираат уште по две категории Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Муамед Сејдини

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**